Врз основа на член 28 став 2 од Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15, 209/18 и „Службен весник на РСМ“ бр. 244/19. 53/21, 77/21, 150/21, 173/22), а во согласност со член 95 од Статутот на општина Богданци („Службен гласник на општина Богданци“ бр. 04/05, 04/11, 04/15, 09/19, 02/20 и 11/21), Советот на општина Богданци на седницата одржана на ден 29.12.2022 година, донесе

# О Д Л У К А
# ЗА ВРЕМЕНО ФИНАНСИРАЊЕ

**Член 1**

Се одобрува времено трошење на средства за редовно и нормално извршување на функциите на општина Богданци и буџетските корисници во нејзин состав за периодот од 01.01.2023 до 31.03.2023 година.

**Член 2**

Трошењето на средства по позиции, ставки, програми и потпрограми за секој месец ќе се врши најмногу до висина од 1/3 од вкупно извршените расходи во првиот квартал од претходната фискална година најдоцна до 31 март, а имајќи ги во предвид и готовинските текови.

**Член 3**

По донесувањето на оваа Одлука ќе се донесе и финансиски план за нејзиното спроведување за период од 01.01.2023 до 31.03.2023 година, кој воедно ќе биде составен дел на Буџетот за тековната година.

**Член 4**

За спроведување на оваа Одлука се задолжува Одделението за финансиски прашања при општина Богданци.

**Член 5**

Одлуката влегува во сила со денот на објавување во „Службен гласник на општина Богданци“.

**Бр. 08- 2352/2**
**29.12.2022 год.**
**Богданци**

**Претседател**
**на Совет на општина Богданци**
**Борис Ванчев**